АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 17. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4927 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио - Прв програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното времетраење на новинарските прилози издвоени во методолошкиот примерок за периодот на мониторингот од 2 до 11 октомври изнесува – 4 часа 54 минути и 43 секунди.

*Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| Македонско радио 1 | | |
|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** |
| СДСМ | 00:15:12 | 5,16 % |
| Претседател на РМ | 00:04:48 | 1,63 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:30 | 10,35 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:07:35 | 2,57 % |
| Други субјекти | 00:43:14 | 14,67 % |
| Без субјекти | 00:05:53 | 2,00 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:19 | 0,45 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:40 | 1,24 % |
| Собрание на РМ | 00:13:12 | 4,48 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:38 | 5,64 % |
| Влада на РМ | 01:46:23 | 36,10 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:08 | 3,10 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:48 | 0,61 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:21 | 0,46 % |
| Граѓански сектор | 00:14:44 | 5,00 % |
| Судство | 00:01:13 | 0,41 % |
| Шарена револуција | 00:00:34 | 0,19 % |
| Демократски сојуз | 00:00:34 | 0,19 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:21 | 0,80 % |
| Локална самоуправа | 00:07:46 | 2,64 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:03:34 | 1,21 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:38 | 0,22 % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:45 | 0,25 % |
| АРМ | 00:00:38 | 0,21 % |
| ДПА-ДР | 00:00:25 | 0,14 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:25 | 0,14 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:25 | 0,14 % |
| | **Вкупно: 04:54:43** | 100 % |

Акцентот врз новинарското – објективно проследување - релевантни општествени и политички актуелности, како основна карактеристика во уредувачкиот приод кон обмислување на Пладневниот радио весник, централната информативна емисија од која методолошки се селектирани прилози за анализа во четвртиот период од мониторингот – од 2 до 11 октомври, при реализацијата подразбира избор доминантно фактографски жанрови (вест и извештај), без интенција за тематско врамување и коментаторско обработување / актуелизирање содржини правно-политички поврзани со рокот за распуштање на Собранието и со 11 декември, датумот договорен за предвремените парламентарни избори. Описно речено - погледнато рекапитулациски, според посочениот, аналитички обработен десетдневен новинарски календар, забележливо е дека првите три прилози во поединечните изданија на Пладневниот радио весник, на пример, немаат взаемна содржинска поврзаност, туку претставуваат своевидна – „општествено-политичка хроника", што проследува актуелности од различни тематски области. На пример, во мошне кусото издание на централниот радио дневник од 2 септември (недела), составено од шест прилога селектирани за анализа, прв прилог е извештај од Дваесеттиот конгрес на СДСМ, на кој е промовирана изборната програма со која оваа опозициска

партија би настапила на предвремените парламентарни избори, а вториот и третиот прилог се продуцирани како извештаи со различни гледишта од поентите изнесени на Петнаесеттата - Есенска сесија на ОБСЕ во Скопје, како и поентите од излагањето на Ѓорге Иванов, претседателот на Република Македонија. Четвртиот прилог, пак, е вест за ставот на ММФ дека е сериозен дефицитот во македонскиот државен пензиски фонд, а петтиот и шестиот прилог се однесуваат на – медијацијата како начин за разрешување судски спорови, и на културно-уметничката манифестација „Бела ноќ".

Таквата „општествено-политичка хроника" без уредувачко инсистирање на тематизација, продолжува во текот на целиот четврти период од мониторингот.

Поради рокот за распуштање на Собранието, а имајќи го предвид политичкиот договор за изборниот датум - 11 декември, хронолошки, но не и – тематски, приоритет во неколку дена од Пладневниот радио весник добива собраниската амандманска расправа за државниот предлог-буџет за 2017 година, и измените на законите што го уредуваат опсегот на работата на Специјалното јавно обвинителство. Маргинални се прилозите за поединечните партиски активности, и по квантитет и по начин на новинарска обработка (класични облици на вест и на извештај), без разлика дали по содржина се авто-промотивни, меѓупартиски обвинувања за одредени политики, или партиски критики за нефункционалноста на државни органи или на локалната самоуправа (*вести во низа за делегацијата на ВМРО ДПМНЕ што остварила работни средби со американски конгресмени и сенатори од Вашингтон; Бишев (ВМРО ДПМНЕ) против Заев (СДСМ) како градоначалник; Град Скопје – субвенции за греење на пелети; / СДСМ: гасификацијата е единственото стратегиско решение за проблемот со загадениот воздух во Скопје; соопштенија на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ, со взаемни обвинувања за избегнување на изборите*). Споменатиот - Конгрес на опозицискиот СДСМ и протестниот марш во негова организација поддржан од Сојузот на борците на Република Македонија, резултираат со повеќе информативно време за оваа партија (15 минути), иако тоа време за поединечните партиски активности е минорно доколку се погледне дисперзирано во десетдневната информативна целина составена од речиси 5 часа вести и извештаи.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| СДСМ | 00:05:33 | 7,12 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:43 | 0,92 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:47 | 12,55 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:21 | 4,30 | % |
| Други субјекти | 00:12:36 | 16,16 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:29 | 7,03 | % |
| Влада на РМ | 00:19:44 | 25,31 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:51 | 6,22 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:23 | 0,49 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:56 | 6,33 | % |
| Шарена револуција | 00:00:32 | 0,68 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:11 | 0,24 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:20 | 0,43 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:03 | 1,35 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:42 | 3,46 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:04 | 5,22 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:10 | 0,21 | % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:33 | 0,71 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| АРМ | 00:00:25 | 0,53 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:35 | 0,75 | % |
| | **Вкупно: 01:17:58** | 100 | % |

Најчести прилози, обликувани во жанровите вест и извештај, се оние што ги проследуваат владините политики промовирани преку осигурителните и станбените проектни активности на органите од државната управа (*отворени денови на Фондот за пензиско и здравствено осигурување и на Агенцијата за катастар*), и на министерствата: од областа на социјалната политика (*„Проект за 140 нови градинки“*), од здравството (*Нов кабинет за третман на страбизам во поликлиниката „Букурешт“*), од образованието (*„Стипендии за средношколци Роми“*), од земјоделството (*до 30 октомври ветен откуп одредени сорти вино*), односно дипломатските активности на Министерството за надворешни работи (*Брисел: „Конференција за реадмисија на економските мигранти од Авганистан“*), и активностите на Претседателот на државата (*Паневропска унија – политика за проширување на ЕУ*).

Во прилог на новинарскиот ангажман за поширок опфат различни индивидуални или колективни (институциски/организациски) гледишта на активни општествени фактори директно засегнати од актуелните теми, настани и случувања, одат и редовните, мошне често застапени информации (вести/извештаи) за конференции, работни средби, состаноци и собири со учество на претставници од меѓународната заедница (*ЕУ-амбасадорот Жбогар и ЕУ-пратеникот Ховит за нужноста од кредибилни избори на 11 декември; УСАИД – проект за меѓуетничка интеграција во образовниот процес;*), стопанските комори (*проблеми поради измените во законите за нотаријат и за извршители; поедноставување и хармонизација на царинските постапки во регионот*), граѓански здруженија (*ССКМ и Конфедерација на слободните синдикати – Одбележување на 7 октомври, светскиот ден на пристојната работа*), и од академските кругови (*Факултет за безбедност - научна дебата за државниот безбедносен систем; МАНУ – меѓународен филозофски дијалог „Исток – Запад, правото меѓу политиката и етиката“*).

На 11 октомври, емитуван е новинарски осврт на централната тема за анализираниот десетдневен период: Правно-политичките услови и општествените околности за изборите на 11 декември, при што се земени предвид клучните коментаторски аспекти - распуштање на Собранието, решение за диспаритетот во изборните единици, тековните расправи за предлог-буџетот за 2017 година, предлог-измените во законите за работата на СЈО, и ставовите на меѓународниот фактор.

***Сектор за програмски работи***